| 6. | Реализација на мобилност со ученици и наставници за проектот „Да бидеме здив на иднината“ во градот Виалонга, Португалија | Посета на ботаничка градина во Лисабон, посета на Синтра- разгледување на природните убавини и историските знаменитости, посета на Себутал - едукација за животот на делифини, учество во работилница за рециклирање и изработка на средства за дезинфекција во партнерското училиште | Наставници и | Мај 2021<br>(4-10.05.2021) |
| 7. | Реализација на мобилност со ученици и наставници за проектот „Да бидеме здив на иднината“ во градот Ниш, Р.Србија | Посета на Нишка тврдина и посета на градската градина, садење на цвеќе и учество во работилница за рециклирање во партнерското училиште, посета на Национален парк Стара Планина, посета на Природно математичкиот факултет во Ниш и др. | Наставници и | Мај 2021<br>(23-29.05.2021) |
| 8. | (28.03.2022<br>Грижа за здравјето на учениците преку правилна исхрана)<br>(3.05.2022<br>Разговор за внесување на здрава храна и витамини) | Еколошка едукација | Наставници и ученици од одделенска и предметна настава. | Септември 2021<br>Јуни, 2022 |
| 9 | Одбележување на денот на екологијата<br>21.03.2022 Садење на | -Изработка на еко пораки, еко презентации и еко цртежи со цел јакнење на еколошката | Наставници и ученици од одделенска и | Март, 2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | цвеќе | свест | предметна настава. | |
| 10. | Одбележување на денот на екологијата, и Светскиот ден за заштита на водите (22.03.2021) | Наставниците и учениците кои се вклучени во програмата Еразмус плус, преку проектот "Да бидеме здив на иднината" садеа растенија во внатрешните простории кои претставуваат прочистувачи на воздухот. Исто така беа претставени изработки на флаери постери материјал и пораки за заштеда | Наставници и ученици од одделенска и предметна настава. | Март, 2022 |
| 11. | Искористување на компост за садење на цвеќиња | Садење на цвеќе | Наставници, ученици | Март и Јуни, 2022г |
| 12. | Евалуација на реализираните активности во текот на учебната 2021/2022год. | Разгледување на реализираните еколошки активности во текот на учебната 2021/2022год. | Наставници,Стручна служба | Јуни, 2022г |

**Општествено – корисна и хуманитарна работа**

Општествено корисната и хуманитарна работа е важен дел од едукацијата на учениците во училиштето, со вклучување во различни активности од ваков карактер како: хуманитарни акции што подразбираат - собирање парични средства, донирање на облека, собирање на училишен прибор, собирање стара хартија за рециклирање, средување на училниците, чистење и уредување на училишниот двор и друго, има за цел да се развива интерес кај учениците за вклучување во општествено корисна работа, поттикнување на хуманоста и солидарноста кај децата, развивање на позитивен однос кон другарчињата.

1. **Актив I одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Изработка на книга во чест на Св.Кирил и Методиј | 23.05.2022 | 65 |
| Сликање на нашиот патрон Тошо Велков Пепето- во чест на патронот празник | 19.05.2022 | 65 |
| Уредување на училницата во пролетен амбиент | 05.04.2022 | 65 |
| Одржување на ред и дисциплина: Што значи да си ученик | 08.02.2022 | 65 |
| Доделување на новогодишни кесиња од страна на Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци | 30.12.2021 | 65 |
| Изработка на новогодишни честитки и украси за Нова година | 29.12.2021 | 65 |
| Украсување на училницата по повод новогодишните празници | 20.12.2021 | 65 |
| Приклучување на учениците кон Детската организација со повторување на детското ветување за прием во организацијата | 08.10.2021 | 65 |
| Запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на детето | 05.10.2021 | 65 |
| Тематско уредување на паноата во училницата | 04.10.2021 | 65 |
| Свечен прием на првачињата | 01.09.2021 | 65 |

2. **Актив II одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Читање и презентирање информации за Св.Кирил и Методиј | 23.05.2022 | 67 |
| Изработка на вулкан | 30.03.2022 | 67 |
| Изработка на маски за Априлијада | 29.03.2022 | 67 |
| Моќта на ветерот- изработка на ветерници | 17.03.2022 | 67 |
| Изработување честитка за 8Март | 08.03.2022 | 67 |
| Доделување новогодишни пакетчиња од Локална сампоуправа и Градоначаник на град Кавадарци | 30.12.2021 | 67 |
| Новогодишна работилница-Новогодишни игри, пишување желби… | 21.12.2021 | 67 |
| Изработка на ранилки за птици | 19.11.2021 | 67 |
| По повод месецот на книгата одржан е јавен час во просториите на библиотеката | 25.10.2021 | 67 |

| | | |
|---|---|---|
| „Феткин“, ѕчениците се запознаа со работата на библиотеката и фондот на книги за деца и возрасни. | | |
| Безбедно однесување во училишниот двор. | 21.10.2021 | 67 |
| Светски ден на наставниците. Цртање на мојот наставник | 05.10.2021 | 67 |
| Разговор за Независноста на нашата татковина | 07.09.2021 | 67 |

3. **Актив III одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Донирање на училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства | 14.12.2021 | 66 |
| Работилница „Сите сме еднакви„по повод Меѓународниот ден на лицата со посебн потреби | 03.12.2021 | 66 |
| Направени куќички за заштита и грижа на птиците во зима. Куќичките се поставени во училишниот двор | 18.11.2021 | 66 |
| Донирање на пакети храна и хигиенски средства на социјално загрозено семејство | 13.10.2021 | 66 |
| Одбележување Ден на мирот- со пораки и илустрација | 21.09.2021 | 66 |
| Читање за ликот и делото на Мајка Тереза,по повод татковинската прослава за кононизација на Мајка Тереза преку ,, Денови на Св. Мајка Тереза" | 09.09.2021 | 66 |
| Уредување на училницата по повод почетокот на училишната година | 03.09.2021 | 66 |

4. **Актив IV одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Ден без автомобили.Цел :учениците да знаат дека природата се загадува од автомобилите и др. | 23.09.2021 | 65 |
| Грижа за Планетата Земја.Ден без автомобили. | 22.09.2021 | 65 |
| Безбедно однесување во училишниот двор. | 21.09.2021 | 64 |
| Правила на однесување во група. | 21.09.2021 | 64 |
| Одбележување на Европска недела на мобилност од 16 до 22 во мсецот. | 16.09.2021 | 64 |
| Помагање на другите-подели го својот оброк. | 15.09.2021 | 62 |
| Посетена е хуманитарна ликовна изложба во училиштето.,,Од дете за деца". | 09.12.0021 | 64 |

5. **Актив V одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Пишување пораки за значењето на водата | 22.03.2022 | 66 |
| Активности за зачувување на природата | 21.03.2022 | 66 |
| Донирање на училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства | 14.12.2021 | 66 |
| Работилница „Сите сме еднакви„по повод Меѓународниот ден на лицата со посебн потреби | 03.12.2021 | 66 |
| Активности по повод „Светски ден без автомобили„ | 22.09.2021 | 66 |
| Работилница„Меѓународен ден на мирот„ | 21.09.2021 | 66 |
| Реферат по повод 7 Септември Ден на ослободување на Кавадарци и 8 Септември 30 години независа држава | 07.09.2021 | 66 |
| Донесување правила за ред,дисциплина и хигиена во училницата | 06.09.2021 | 66 |
| Уредување на просторот за учење | 02.09.2021 | 66 |

6. **Актив VII одделение**

| | | |
|---|---|---|
| Садење на дрвца и цвеќиња со партнерското училиште од Олштин,Полска, за проектот „Екологија секој ден“,Еразмус+ | 09.06.2022 | 2 |
| Посета на фабриката Фени индустри и запознавање со начините со кои таа се грижи за заштита на животната средина (активност која е планирана за реализација со проектот „Екологија секој ден“,Еразмус +) | 09.06.2022 | 2 |
| Посета на Паркот на ветерници во Богданци,едукација за обновливи извори на енергија (активност планирана преку проектот „Екологија секој ден“ Еразмус+) | 08.06.2022 | 2 |
| Посета на фабриката „Горска“,прочистителната станица и запознавање со технолошкиот процес на обработка и пакување на чиста вода (активност планирана преку проектот „Екологија секој ден“,Еразмус +) | 07.06.2022 | 2 |
| Садење на цвеќиња за новото Еко катче | 16.05.2022 | 5 |
| Садење на цвеќиња и дрвца во училишниот двор | 21.03.2022 | 7 |
| Тренинг за врснички едукатори ,во организација на Црвен Крст Кавадараци(12,13.3.2022г.) | 12.03.2022 | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| Едукација за правилно укажување на Прва помош,од страна на д-р Ратко Грков ,во просториите на Црвен Крст Кавадарци,вклучени беа 11 ученици и 4 наставници | 10.03.2022 | 15 |
| Садење на зимзелени дрвца во училишниот двор | 21.12.2021 | 5 |
| Учество во работилница за изработка на комуникациска стратегија за Заштита на животната средина,во организација на УНИЦЕФ и Шведската агенција за проект„ Охрабрување на децата и младите од државата да станат двигатели на промената за намалување на ранливоста на заедницата од климатските промени“ | 30.11.2021 | 2 |
| Учество на Еко самит за климатски промени,во МКЦ Скопје,во организација на УНИЦЕФ и Шведската амбасада | 20.10.2021 | 3 |
| Учество во работилница „Еко шума во тегло“и подготовки со учениците за планираната мобилност во Олштин,Полска ,за проектот „Екологија секој ден“Еразмус+ | 13.10.2021 | 2 |
| Учество во активност во организација на Црвен Крст „Значење на правилно укажување на прва помош“ | 08.09.2021 | 10 |

## 7. Актив VIII одделение

Активот на VIII одделнија иницираше хуманитарна акција за собирање и донирање материјални средства за помош на трите деца,ученици во нашето училиште,од фамилијата Петрески кои по загубата на еден родител се најдоа во социјално ранлива состојба.Инцијативата беше прифатена и спроведена од сите ученици и вработени во училиштето кои со својот скромен придонес помогнаа материјално на фамилијата.

Во склоп на проектот на Еразмус + Ecology every day,учество земаа 8 ученици од VIII одделение. Како дел од овој проект се спроведоа неколку активности во училиштето и тоа:

| | |
|---|---|
| Садење на дрвца и цвеќиња со партнерското училиште од Олштин,Полска, за проектот „Екологија секој ден“,Еразмус+ | |
| Посета на фабриката Фени индустри и запознавање со начините со кои таа се грижи за заштита на животната средина (активност која е планирана за реализација со проектот „Екологија секој ден“,Еразмус +) | |
| Посета на Паркот на ветерници во Богданци,едукација за обновливи извори на енергија (активност | |

| | |
|---|---|
| планирана преку проектот „Екологија секој ден“ Еразмус+) | |
| Посета на фабриката „Горска“,прочистителната станица и запознавање со технолошкиот процес на обработка и пакување на чиста вода (активност планирана преку проектот „Екологија секој ден“,Еразмус +) | |
| Садење на цвеќиња за новото Еко катче | |
| Садење на цвеќиња и дрвца во училишниот двор | |
| Садење на зимзелени дрвца во училишниот двор | |
| Учество во работилница за изработка на комуникациска стратегија за Заштита на животната средина,во организација на УНИЦЕФ и Шведската агенција за проект„ Охрабрување на децата и младите од државата да станат двигатели на промената за намалување на ранливоста на заедницата од климатските промени“ | |
| Учество на Еко самит за климатски промени,во МКЦ Скопје,во организација на УНИЦЕФ и Шведската амбасада | |
| Учество во работилница „Еко шума во тегло“и подготовки со учениците за планираната мобилност во Олштин,Полска ,за проектот „Екологија секој ден“Еразмус+ | |
| Учество во активност во организација на Црвен Крст „Значење на правилно укажување на прва помош“ | |

8. Актив IX одделение

| | | |
|---|---|---|
| Садење на цвеќиња за новото Еко катче | 16.05.2022 | 26 |
| Организирање хуманитарна акција за помош на социјално загрозени ученици од нашето училиште | 28.03.2022 | 52 |
| Садење на цвеќиња и дрвца во училишниот двор | 21.03.2022 | 17 |
| Садење на зимзелени дрвца во училишниот двор | 21.12.2021 | 15 |
| Учество во активност во организација на Црвен Крст „Значење на правилно укажување на прва помош“ | 08.09.2021 | 31 |

## *7. Ученичко организирање и учество*

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелката и Ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките и ги има следните надлежности:
- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите научениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците сопосебни образовни потреби, во реализација на наставата и вонnаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности иопштествено корисна работа.

За заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето се грижи Ученичкиот правобранител кој се избира со мнозинство гласови на учениците од седмо до деветто одделение.

Во текот на септември од учебната 2021/2022 год. во паралелките од шесто од деветто одделение беа избрани претседатели и заменици претседатели на одделенските заедници. Изборот беше направен на часот на одделенската заедница, од страна на сите ученици, со мнозинство гласови, после претставување на кандидатите и нивната програма,согласно напатствијата од БРО и ЗОО.По нивниот избор беше конституиран Ученичкиот парламент, а за негов претседател беше избрана ученичката Ана Марија Димова.

За ученик правобранител во училиштето е избран Јован Манев, а за негови заменици Магдалена Димитрова и Ивона Лалкова.

## *8. Вонучилишни активности*

***Екскурзии, излети и настава во природа***

Во текот на учебната 2021/22 год. беа планирани овие вонучилишни активности,но реализацијата на истите зависеше од насоките од МОН. Со оглед на актуелната ситуација истите не беа реализирани.

# ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО ООУ„ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО“ КАВАДАРЦИ СО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО УЧЕБНАТА 2021-2022 год.

***Цели и задачина програмата***

- Создавање, развивање и негување хигиенски навики кај учениците, подигање на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за укажување прва помош во случај на несреќи, како и водење постојана грижа заздравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.
- Развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочувство, толеранција и почитување по пат на разновидни игри и работа, а со тоа здобивање на пријатели и развивање на пријателство.
- Постигнатите знаења и резултати Подмладокот на Црвениот крст ќе ги спроведува низ познатите традиционални форми за проверка на знаењата и способностите што ги организира Црвениот крст како што се: натпревари, конкурси и други форми на соработка.

| ***Планирана програмска активност*** | ***Цели*** | ***Реализатор*** | ***Време*** | ***Извори - ресурси*** | ***Очекувани ефекти*** |
|---|---|---|---|---|---|
| Одбележување на Светскиот ден на првата помош | Едукација за значењето од правилно укажаната прва помош | Стручно лице-доктор Ѓорѓи Митрев,6 ученици од 9то одд.,наставник по биологија | Септември, 2021г. | Презентациј а,материјали и прибор за прва помош | Учениците да стекнат знаења за значењето и правилното пружање на прва помош |
| Избор на одделенски активисти (недела на младите на ПЦК) | Активистите секогаш треба да се во тек со работата | Одговорните наставници и учениците | Октомври, 2021г. | Дневник на паралелката | Целосна активност на претставниците |
| Одбележување на Меѓународниот ден на стари лица (1.10.2021г.) | Поттикнување на поголема грижа на старите лица и промоција на локално ниво | Ученици волонтери,наставници | Октомври, 2021г. | Материјали од Црвен Крст,хамер,с лики,маркер и,лепак | Поголема грижа за старите лица |
| Одбележување на Неделата на шеќерната болест (дијабетес) /19-25.10.2021г. | Едукација за симптоми,лекување и превенција од дијабетес | Стручно лице-доктор Тони Јованов,ученици волонтери,наставници | Октомври, 2021г. | Презентациј а,материјали од Црвен Крст | Учениците да стекнат знаења за болеста дијабетес |
| Едукација на младите за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина | Учениците да се запознаат со активностите кои ги спроведува Црвениот крст и со значењето на ова движење во светот | Одговорните наставници, одделенските наставници и учениците | Октомври, 2021г. | Брошури,сли ки,материјал и од ООЦК | Учениците да се стекнат со знаења за Црвениот Крст и активностите кои ги спроведува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Обука за правилно укажување на прва помош, за вработените во училиштето | Едукација за правилно укажување на прва помош | Д-р Ратко Грков,Директор,Стручна служба,наставници,технички персонал | Ноември, 2021г. | Фантом кукла,завои, фластери и др. материјали | Стекнување знаења за укажување на прва помош на повреден во различни ситуации |
| Снабдување на сандачето за прва помош со лекови и санитетски материјал | Укажување на прва медицинска помош при повреди во училиштето и во училишниот двор | Одговорните наставници | Ноември, 2021г. | Материјали за укажување прва помош | Развивање на интерес за овој вид активности |
| Хуманитарна акција во собирање на облека и обувки за социјално загрозени деца | Помош на социјално загрозени семејства | Директор,ученици,наставници | Ноември, 2021г. | Собрани се облека и обувки за различна возраст на деца | Едукација за развивање хуманитарни навики за помош на социјално загрозени лица |
| Месец на борба против болестите на зависност (никотинизам,алкохолизам,нарко зависност) | Стекнување знаење за овој тип на болести | Одговорните наставници и активистите | Ноември, 2021г. | Презентации ,материјали од Црвен Крст,стручна литература | Согледување на ефектите по здравјето на младите со користење на дрога, алкохол и никотин |
| Меѓународен ден на лицата со посебни потреби | Помагање на лицата | Наставник по биологија, ученици од шесто,седмо,осмо и деветто одделение | Декември, 2021г. | Материјали од Црвен Крст,литература | Грижа за лицата со посебни потреби |
| Одбележување на Светската недела за борба против | Едукација на учениците за | Наставник по биологија, ученици од | Декември, 2021г. | Презентација за темата, | Учениците да стекнат знаења за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ХИВ/СИДА | превенција од болеста СИДА | осмо и деветто одделение | | брошури | инфекција од ХИВ, симтоми, лекување и превенција |
| Едукација за забоздравствена заштита | Согледување на важноста на правилната нега и лекување на забите | Стручно лице,наставници и ученици | Декември, 2021г. | Материјали од Црвен Крст,стручна литература | Подобрување на грижата за здравјето на забите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Крводарителство во РМ | Запознавање со важноста од организирање на крводарителски акции | Одговорни наставници и учениците-активисти | Февруари 2022г. | Прибрани податоци и стручна литература | Стекнување знаење и согледување на важноста од дарување крв |
| Учество на ученици во проект ПХВ-ЦКА (реализирани се 3 работилници во просториите на ООЦК Кавадарци) | Стекнување нови знаења за изработка на проект од областа на Црвениот Крст | Стручно лице,наставник, ученици | Февруари 2022г. | Стручна литература, материјали од Црвен Крст | Стекнување на нови знаења за изработка на проект |
| 21. - 28. февруари Недела на борба против срцевосадовите заболувања /22.2.2022г со осмо одд. И 23.2.2022г со деветто одд. | Запознавање со различните болести на крвта, срцето и крвните садови-симптоми,лекување ,превенција и интервенции | Претставник од Црвен Крст-Д-р Тони Јованов ,наставник по биологија и ученици од осмо и деветто одделение | Февруари 2021г. | Презентациј а,материјал и од Црвен Крст,стручн а литература | Стекнување знаење за причинителите, симптомите, лекувањето и превенцијата од овие болести |
| 1. - 8. март Недела на борба против ракот / 4.3.2022г./ | Запознавање со различните форми на болеста рак,симптоми,лекув | Претставник од Црвен Крст-Д-р Тони Јованов, наставници и ученици од деветто одделение | Март 2022г. | Презентациј а,материјал и од Црвен Крст,стручн | Стекнување знаење за причинителите, симптомите, лекувањето и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ање и превенција | | | а литература | превенцијата од овие болести |
| Одбележување на Светската недела за превенција од туберкулоза (23.3.2022г. со деветто одд. И 24.3 2022г со осмо одд. ) | Запознавање со различните симптоми,лекување ,превенција и интервенции | Претставник од Црвен Крст-Д-р Тони Јованов, наставник по биологија и ученици | Март 2022г. | Презентациј а,материјал и од Црвен Крст,стручн а литература | Стекнување знаење за причинителите, симптомите, лекувањето и превенцијата од оваа болест |
| Недела на хигиенизацијата 8-15ти Април (8.4.2022г. ) | Запознавање со активностите за подобрување на хигиенизацијата | Наставници и ученици од шесто,седмо,осмо и деветто одделение | Април,2022г. | Материјали од Црвен Крст,презен тација | Поттикнување хигиенски навики за зачувување на здравјето |
| Учество на ученици во активности со Црвениот Крст по повод Денот на здравјето | Запознавање со различните активности и области на дејствување на организацијата на Црвениот Крст | Наставници и ученици | Април,2022г | Прибрани податоци и стручна литература | Стекнување знаења за работата на црвениот Крст |
| Учество на ученици во Општински натпревар по прва помош (2.6.2022г.) | Развивање на општокорисни навики кај младите, поттикнување на хуманост и примена на знаења за правилно укажување на првата помош | Претставници од Црвен Крст, тим од доктори тестатори,ментори,тим ови од ученици | Јуни 2022г. | Материјали од секој тим,матери јали од Црвен Крст | Поттикнување на хуманост и општокорисни навики кај присутните и учесниците во натпреварот |
| Извештај за реализација на програмата, | Запознавање со работата на ПЦК. | Одговорен наставник | Јуни 2022г. | Податоци од | Дефинирање на мерки за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Средување на документација | Документирање на активностите (изработка на годишен извештај) | | | активностите | подобрување на понатамошната работа |

## 9. Натпревари за учениците

| Предмет | Вид на натпревар | Дата на одржување | Наградени ученици | Постигнати награди | Ментор |
|---|---|---|---|---|---|
| **Математика** | Регионален | | | | |
| **Математика** | Државен | | | | |
| **Математика** | Јуниорска матем. олимпијада | | | | |
| | | | | | |
| **Физика** | Регионален | 2.4.2022 | Ристе Камчев VIII<br>Николина Бачева VIII<br><br>Мартина Трендафилова IX | Трето место учество<br><br>Прво место | Надица Јосифова<br>Надица Јосифова<br><br>Надица Јосифова |
| **Физика** | Државен | 4.6.2022 | Ристе Камчев VIII<br>Николина Бачева VIII<br><br>Мартина Трендафилова IX | Второ место<br><br><br>Прво место | Надица Јосифова |
| **Физика** | Меѓунар. олимпиј. по природ. науки | | | | |
| | | | | | |
| **Природни науки** | Регионален | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Биологија** | Регионален | | | | |
| **Биологија** | Државен | | | | |
| | | | | | |

## *10. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркуртурализмот и меѓуетничката интеграција*

Во училиштетето во рамките на проектот „Меѓуетничката интеграција во Македонскиот образовен систем“ преку кој се промовира мултикултурата, почит и разбирањето треба да се спроведуваат заеднички активности во соработка со ученици и наставници од партнер училиштето ООУ „Крсте Петков Мисирков“ од Радовиш и тоа во делот на наставните часови и вонннаставните активности.

Поради актуелната состојба во текот учебната 2021/22 год. не беа реализирани планираните заеднички активности.

## *11. Проекти што се реализираат во основното училиште*

Следејќи ги современите трендови ООУ „***Тошо Велков - Пепето“ Кавадарци*** оваа година реализира следниве проекти:

| Име на проектна активност | Цел и очекувани резултати на проектна активност | Проектот е реализиран во соработка со: | Реализатори | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| **Erasmus +<br>„Со екологија секој ден“** | Да се подигне свеста за зачувување на животната средина | Национална Агенција на РСМ | Координатор Зорица Милкова<br>Наставници од одделенска настава<br>Наставници од предметна настава | 20201-2022 |
| **Erasmus +<br>Да бидеме здив на иднината** | Да се стекнат знаења за природните прочистувачи на воздухот во затворени и | Национална Агенција на РСМ | Координатор Зорица Милкова<br>Наставници од одделенска | 2021-2022 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | отворени простории<br>Да се вроди љубов за нивно одгледување | | настава<br>Наставници од предметна настава | |

## 12. Поддршка на учениците

***Постигнување на учениците***

Во изминатите четири учебни години во  училиштето континуирано се постигнува одличен успех и тоа:

- На  крајот од учебната 2018/2019 година постигнат е среден успех на ниво на училиште  4,51 (одличен)
- На  крајот од учебната 2019/2020 година постигнат е среден успех на ниво на училиште  4,51 (одличен)
- На  крајот од учебната 2020/2021 година постигнат е среден успех на ниво на училиште  4,30 (одличен)
- На  крајот од учебната 2021/2022 година постигнат е среден успех на ниво на училиште  4,33 (одличен

Со цел подобрување на постигнувањата на учениците и поддршка на наставниците во училиштето се планираат следниве активности:

- Редовно користење на активни форми и методи на работа и современи наставни средства и помагала при реализирање на наставата;
- Почитување на индивидуалните потреби и можности на учениците;
- Редовно применување на Правилникот за пофалби и награди на учениците за нивните постигнати резултати со цел стимулирање на развојот на позитивните особини кај учениците, како и јакнење на нивната самодоверба.

***Активности на стручната служба***

Стручните соработници (педагог / психолог**)** во текот на годината работат според своите програмски содржини и активностите дадени во  програмата за работа  на училиштето. Во почетокот на учебната  година активно учествуваат во изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето, сопствените годишни програми, планирање и програмирање на воннаставните содржини.

Стручните соработници континуирано работат со ученици кои имаа потешкотии во напредувањето, водат индивидуално-советодавни разговори и активно учествуваат во решавањето на актуелни прашања (поведението на учениците, успехот и меѓусебна комуникација). Индивидуално работат на откривање ученици кои манифестираа неприлагодено однесување со кои подоцна следат конструктивно-советодавни разговори.
Редовно соработуваат со родителите на поедини ученици кои имаат потреба од стручна помош преку индивидуални и групни разговори.

Стручните соработници им помагаа на учениците при изборот на средно училиште, согласно со особеностите, способностите и индивидуалните афинитети на учениците, За таа цел психологот и педагогот спроведуваат Програма за професионална ориентација на учениците и користат алатки за утврдување на способностите и интересите на учениците и анкети за нивните афинитети. Реализацијата на оваа програма ќе биде во текот на месец април и мај.

Учествуваат во изготвувањето на статистички извештаи, анализи и прегледи за потребите на училиштето и надвор од него.Свој придонес даваат и во изготвување на самоевалуацијата за работата на училиштето. Соработката со органите од локалната средина во текот на учебната година ја остваруваат преку контактите со Здравствениот дом, Детската градинка, Центарот за социјални работи,МВР, Црвен крст, Домот на културата НВО и сл.
Работат со учениците со социо - емоционални потешкотии кои се манифестираат преку намалување на успехот и поведението, нередовност во наставата, проблеми во социјализацијата и слично, Со овие ученици се работи индивидуално или во група, а по потреба се вклучуваати родителите.
За родителите и учениците кои постигнуваат намален успех (три и повеќе слаби оценки), нередовно посетување настава (10 и повеќе неоправдани изостаноци), или пројавуваат несоодветно однесување, се реализира Програмата за советување на родители и ученици, согласно чл.76 од ЗОО. Во текот на првото полугодие од учебната 2020/21 година, беше релизирано советување кај 7 родители и ученици и тоа кај некои со физичко присуство, согласно Протоколот, а кај други советувањето по нивно барање беше реализирано по телефон.

Заради актуелната состојба со пандемијата на Ковид 19 и насоките дадени од МОН и БРО, преку упатства и протоколи, педагогот на училиштето ја организира наставата преку распоред на часови согласно скратената програма и намалување на времетраењето, начинот на функционирање во училиштето, во делот на доаѓање и враќање на учениците од училиште преку распоред на влезовите за одредени паралелки , распоред на движење во училиштето и училишниот двор.

***Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација***

Превентивните програми кои се реализираат во нашето училиште имаат за цел проширување на знаењата на учениците за одредени актуелни теми како и усвојување на социјално прифатливите облици на однесување. Воедно допринесуваат за развивавње на способностите и вештините на учениците за донесување на исправни одлуки и решавање на проблеми.

Превентивните програми опфатаќаат теми од областа на болести на зависност, здравиот начин на живеење преку правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание се посветува и на видовите на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството.

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така е дел од овие програми кои се реализираат во соработка со надлежните институции.

Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час – Образование за животни вештини) како и преку содржини и активности реализирани со проекти и работата на стручната служба на училиштето.

Во текот на учебната 2021/2022 година, а се со цел подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, во училиштето се спроведуваат неколку превентивни програми:

- Политика за намалување на насилството во училиштето;
- Програма за превенција од болести на зависност;

Согласно измените во ЗОО, посебно чл.66 каде се наведува дека обврска на директорот е да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба и занемарување и да спроведе мерки за заштита на ученик жртва, од страна на МОН беше издадено и посебно Упатство за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва, на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување. Во истото се предвидува изработка на интерен акт со кои се регулира оваа проблематика. Во училиштето постои изработена Политика за намалување на насилството, во која се пропишани мерки и активности за спречување и заштита од насилство. За зајакнување на капацитетот на училиштето во насока на реализација на Упатството, во текот на првото полугодие психологот на училиштето учествуваше на обука за учество во меѓусекторски тим за постапување при заштита на деца од насилство, злоупотреба и занемарување.

Состојбата со пандемијата со Ковид 19, која наметна нов начин на функционирање во училиштето, но и во секојдневниот живот, преку ограничување на движењето, социјалните контакти и многу други промени кои негативно влијаат на менталното здравје, го актуелизира ова прашање. Во таа насока, МОН допрати до училиштата Протоколи за работа на психолозите во услови на пандемија со Ковид 19. Во нив беше посочено дека во овој период работата на психологот во училиштето треба да биде фокусирана на грижата за менталното здравје на субјектите во образовниот

процес – учениците, наставниците, родителите и другите придружни субјекти вклучени во образовниот процес. Реализираните активности согласно дадениот протокол се содржани во следниов извештај:

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ

Работата на психологот во услови на пандемија со Ковид 19 е фокусирана на грижата за менталното здравје на субјектите во образовниот процес – учениците, родителите наставниците како и останатите субјекти вклучени во образовниот процес. Вклучување сегменти на превенција, следење, давање на социо – емоционална и педагошко – психолошка поддршка, беа активностите кои се реализираа за остварување на оваа цел.

Активностите беа дел од програмата за работа во согласност со Протоколот за работа на психолозите во услови на пандемија со Ковид 19. Истата содржи четири сегменти: работа со ученици, наставници, родители и меѓусебна професионална соработка на психолозите, како и заштита на нивното ментално здравје. Секој од наведените сегменти опфаќа повеќе подрачја на работа.

### Работа со ученици

Во делот на ***пружање на соодветна поддршка за емоционалната состојба и менталното здравје на учениците,*** од страна на психологот во насока на воспоставување на начини на комуникација со учениците и субјектите одговорни за учениците со цел размена на информации, беше изработен документ насловен како „Известување“. Истиот по електронски пат беше допратен до сите наставници (а преку одделенските/класните раководители и до родителите) и со негово пополнување и доставување повратно до психологот, ќе се добијат повратно потребните информации (име и презиме на ученикот кој има потреба од поддршка, краток опис на проблемот/ потешкотијата кој го манифестира или е забележан од возрасен, идентификација на лицето кој го доставува).

Активности кои беа реализирани за ***едукација на учениците за поимот менталното здравје согласно нивната возраст со цел превенција и промоција на менталното здравје во училишната средина*** се следните:

- Едукативен материјал со наслов **„ Како да го заштитиш своето ментално здравје во текот на пандемијата со корона вирусот (Ковид 19) - *6 стратегии за борба против новата (привремена) ситуација“*** електронски беше препратен до учениците од предметна настава
- Учениците од четврто и петто одделние на часот на одделенската заедница ја проследија презентацијата ***„Справување со стрес за време на Ковид 19“***

**Работа со наставници**

Подрачјето ***Воспоставување / одржување на позитивна организациска клима, клима на поддрша и солидарност,*** всушност претставува работа и соработка со наставниците како двонасочна комуникација за советување и помош на учениците и разбирање на нивните емоционални потешкотии и проблеми, советување во однос на зачувување на заедничкото ментално здравје, како на учениците така и на наставниците. Психологот остварува континуирана и непречена комуникација со сите наставници со цел размена/споделување на искуства (позитивни и негативни) од работата во тековниот период. Видот и формите на комуникација на психологот со наставниците зависат од потребите на наставниците, но и/или по предлог на психологот. Средбите може да се одвиваат во сите форми: online/конференциска врска преку било која апликација (zoom, Google meet итн..), и/или со физичко присуство.

За ***информирање на наставиците за влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз менталното здравје на учениците,*** психологот одржа краток состанок ( со придржување на мерките за заштита) на кои сподели основни (информативни) материјали за зачувување, заштита и превенција на менталното здравје на учениците (дефинирање на менталното здравје, препознавање на одредени симптоми кај учениците, корисни техники за првично реагирање на часовите и слично ). На истиот состанок психологот разговараше со наставниците за ***внесување на поимот ментално*** здравје во постоечките наставни единици каде за тоа има простор и време и укажа дека може да учествува во креирањето на заеднички материјали со наставниците со цел приближување на поимот ментално здравје.

По идентификување на учениците кои имаат симптоми на нарушено ментално здравје од страна на наставниците, до психологот се препраќа пријавниот лист, по што тој работи со учениците.

Во делот на ***давање/пружање поддршкана наставниците за нивното ментално здравје,*** до наставниците беше препратен електронски едукативен материјал за начините за справување со стрес, а потоа и презентација на тема „Менталното здравје и начините за справување со стрес во услови на пандемија со КОВИД 19“.Овие материјали содржеа информации за зачувување на менталното здравје (корисни информации за самоперцепција и препознавње на симтоми на нарушување/загрозување на менталното здравје кај себе си, корисни техники за самопомош и сл.).

**Работа со родители**

**Работата и соработката со родителите** е насочена на утврдување на начините на комуникација и соработка со родителите, како и соодветна поддршка на родителите во однос на предизвиците со кои се соочуваат во однос на нивните деца во оваа состојба на пандемија, како и соработка со советот на родители.

За ***воспоставување непречена на комуникација на психолозите со родителите заради заштита и превенција на менталното здравје на децата,*** се утврдија начините на комуникација и за истото родителите беа известени преку одделенските и класните раководители. Еден од начините е и веќе посочениот пријавен лист, кој исто така можат да го користат и родителите.

По доставување на пријавниот лист од страна на родителот до психологот со наведената потреба за помош и советување и доколку се утврди потреба за индивидуално советување страна од психологот, се договара начинот на реализација на советувањето. Психологот воспоставува контакт со родител/старател на ученикот заради водење на консултативен разговор и во зависност од проблемот- правење план на средби со ученикот и родителот. По договор со родителот, средбите можат да се одвиваат со физичко присуство или онлајн.

Подрачјето ***информирање/едукација на родителите за влијанието на пандемијата со ковид-19 врз менталното здравје*** се реализираше преку едукативни материјали за влијанието на пандемијата со Ковид-19 врз менталното здравје. Тоа се информативни материјали за поимот ментално здравје, но и техниките на справување со предизвиците на менталното здравје за време на пандемија, односно доставување и објавување на кратки информативни и едукативни материјали или презентации со насоки и совети за родителите за помош на своето дете препратени преку одделенските и класните раководители или постирани на страната на психологот;

**Професионалната соработка на психолозите, како и на заштита на нивното ментално здравје**

**Професионалниот развој и професионалната соработка** на психологот овој период се реализираше преку разменување на искуства и позитивни практики за новонастанатата состојба со стручните колеги, сите засегнати страни, организирање на состаноци и дискусии на теми со кои се заеднички засегнати, пружање на поддршка, унапредување и вложување во својата професија и во своето звање преку организирање и учевство во настани и семинари, конференции, обуки и настани од други институции (акцијата „Заедно за ментално здравје, Едуино , БРО и сл.) Тоа вклучуваше ***едукација и тренинг на психолозите за предизвиците на менталното здравје во пандемија.***

Едукација/тренинг се состоеше од учество на вебинари за теми како: справување со стресни ситуации од големи размери; методи и техники за намалување на тензија, претерана грижа, напнатост, нарушена самодоверба, концентрација и другите појави/симптоми како последица од соочување со пандемија.

***Воспоставувањето на редовна комуникакција со останатите училишни психолози со цел разбирање дека подршката на психолозите за психолозите е клучна*** и се одвиваше преку организирање на состаноци на секциите на училишни психолози на ниво на општина и регион, понекогаш и со поддршка и на советник од БРО. Взаемна професионална поддршка на психолозите, како и учење на различни основни техники, кои можат да се користат како

корисни техники на самопомош значеше ***заштита и унапредување на сопственото ментално здравје на психолозите.***

## Извештај за работата на стручниот соработник – педагог во првото полугодие од учебната 2021/2022 година

Стручниот соработник - педагогот својата работа за учебната 2021/2022 година ја има планирано со Годишна глобална и месечна оперативна програма со која се опфатени содржини од следните подрачја:

- Непосредно следење на воспитно - образовната работа во училиштето;
- Советодавно - консултативна работа со наставниците;
- Аналитичко - истражувачка работа и
- Стручно усовршување на воспитно - образовниот кадар.

Согласно својата програма за работа педагогот учествуваше во изготвувањето на Годишната програма за работа на училиштето, како и учество во следењето на реализацијата на истата.

Во текот на учебната 2021/2022година реализирани се и активности планирани со програмата за работа на педагогот и тековни работи:

- Упис и учество во прием на првачиња;
- Изготвување преведници / согласност за прифаќање на ученици од други училишта;
- Потоолнување статистички извештаи за МОН И БРО;
- Проследување до наставниците и вработените за насоките од МОН и БРО за почетокот на учебната година во услови на пандемија;
- Активно учество во разгледување на постоечките можности во училиштето за почеток на учебната година со физичко присуство со почитување на препораките и изготвување план и протокол за изведување на истата.
- Изработка и поставување во училиштето едукативни материјали за заштита од Ковид 19
- Изготвување распоред за влез и излез од училиштето за одделенска и предметна настава, распоред за проток на ученици и вработени, распоред за започнување и завршување на наставата и користење на голем одмор;
- Усогласување на Куќен ред, Кодексите на однесување на ученици, наставници, родители, други вработени, Кодекс за однесување на ученици во онлајн наставата, согласно Протоколот за постапување за реализација на наставата со физичко присуство и онлајн настава;
- План, протокол и алгоритам за реализација на настава со физичко присуство;
- Следење на планирањата на наставниците и изготвување извештај.

- Проверка на е-дневници и главни книги (педагошка документација) и изготвување извештај.
- Следење на часови со цел увид во организацијата и реализација на наставниот час со физичко присуство и изготвување извештај за реализацијата на часот за секој наставник и разговор со наставниците за реализација на наставните часови по посетата.
- Учествува во организацијата и следењето на задолжителната настава, изборната, додатната и дополнителната настава;
- Од подрачјето советодавно - консултативна работа со наставниците реализирана е соработка при планирањето и подготовката на наставата, соработка за примена на ефикасни форми, методи и постапки во наставната работа и консултативна работа со наставниците за воведување на нови постапки и инструменти за следење
- Средување педагошки картон на наставниците;
- Изготвување список на ученици за систематски преглед и стоматолошки преглед и координација на истите во соработка со службите;
- Следење на педагошките мерки изречени на ученици и известување родител за педагошката мерка и посета на терен со психолог и одделенски наставници за ученици кои се нередовни во наставата
- Проверка на дневници (електронски) и известување за забележаните пропусти;
- Активно учество во одделенски и наставнички совет и изготвување записник од совет.
- Потполнување чек листи за увиди по барање на ДПИ и ОПИ и приложување на увид потребна документација
- Состаноци со педагози на ниво на општина за сите тековни активности поврзани со воспитно-образовната работа;
- Изработка на полугодишен статистички извештај за реализација на наставата во 2020/2021 година и активно учество во изработка на Полугодишниот статистички извештај за работа во учебната 2021/2022 година;
- Проследување до наставниците за сите насоки и препораки од МОН и БРО;
- Учество во Совет на родители на нивно барање;
- Соработка со Центар за социјална работа за ученици кои не посетуваат настава;
- Соработка со образовен медијатор на ромите;
- Тековни работи и задолженија од директор;

**Професионална ориентација**

**Професионалната ориентација на учениците** во завршните одделениа е важен сегмент од работата на училиштето, бидејќи на тој начин им помагаме на учениците полесно да се одлучат каде ќе го продолжат своето

образование. Професионалната ориентација е насочена кон усогласување на потребите на општеството со интересите и способностите на човекот како фактор во производствениот процес.

Оваа учебна година, психологот на училиштето, согласно Програмата за професионална ориентација, спроведе активности за учениците од завршните одделенија кои подразбираа самопроценка на нивните интереси и способности. Резултатите преку класните раководители беа доставени до секој ученик.

## Годишен извештај  за работата на Логопедот за учебната 2021-2022 година

Во почетокот на учебната 2021-2022 г. во чилиштето се  спроведе  тестирање на учениците од прво до петто одд, .Учениците кои што имаа потешкотии во говорот им беше поставена дијагноза .Се известија наставниците и родителите кои  ученици  се евидентирани и кои треба да ги посетуваат логопедските вежби  .Потоа се изготвија покани за родителите да се јават на консултација  заедно со учениците  за логопедските вежби.По упатената покана родителите со  закажаниот термин се јавија на консултација и се направи распоред за термин за секој ученик за посетување на  логопедските вежби.

По тестирањето евидентирани се 30 ученици

Во прилог -табеларен приказ

| Реден број | Име и Презиме на ученикот | Одд. | Неправилно изговорени Гласови | Дијагноза | Евентуални забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Михаела Атанасовска | I-3 | ,,Ч,Ш,Ж | Дислалија | / |
| 2. | Стефан Мецанов | I-3 | ,,Ч,Ш.Ж,Р,Л | Дислалија | / |
| 3. | Стефан Митревски | I-3 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 4. | Алексеј Темков | I-3 | ,,Ш,Ж | Дислалија | / |
| 5. | Благој Ристов | I-3 | ,,С/Ш,,,Л,,Р,, | Дислалија | / |
| 6. | Христијан Секулов | I-3 | ,,Ч,Ш,Ж,Л,,Р,, | Дислалија | / |
| 7. | Лазар Ефремов | I-2 | ,,л,р,, | Дислалија | / |
| 8. | Стојанче Лазаров | I-2 | ,,Р,, | Дислалија | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9. | Никола Малиноски | I-2 | Р,, | Дислалија | / |
| 10. | Виктор Малиноски | I-2 | ,,Р,,Л,,Ш,Ч,Ж | Дислалија | |
| 11. | Лука Митрев | I-2 | ,,Р,,,,Ш,Ж.Ч,Л,, | Дислалија | / |
| 12. | Надица Трипунова | I-2 | ,,р,,Ж,, | Дислалија | / |
| 13. | Бисера Кимова | I-1 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 14. | Максим Матаков Грков | I-1 | ,,Ш,,Ч,,Ж,,р,, | Дислалија | / |
| 15. | Филип Милков | I-1 | ,,Л,,,,Р,, | Дислалија | / |
| 16. | Мелани Мицева | I-1 | ,,Ш..Ч,,Ж,,Р,, | Дислалија | / |
| 17. | Стефанија Јанева | I-3 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 18. | Гордан Петров | I-3 | ,,с,зц,чш,ж,л,,Р,, | Дислалија | / |
| 19. | Тео Ганчев | II-1 | ,Р,,, | Дислалија | / |
| 20. | Давид Неделков | II-2 | ,,Ч,,Ш,,Ж | Дислалија | / |
| 21. | Дарко Лазаров | II-2 | | Пелтечење | / |
| 22. | Андон Лазов | II-2 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 23. | Вероника Петревска | II-2 | ,,Р,,<br>,,Л,,Ч,,Ш,,Ж | Дислалија | / |
| 24. | Михаела Нанчева | II-2 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 25. | Саше Бебеџаков | III-4 | ,,Л,Р,, | Дислалија | / |
| 26. | Георги Тодорчев | III-4 | ,,Л,Р,, | Дислалија | / |
| 27. | Никола Даскаловски | III-3 | / | Дислексија | / |
| 28. | Михаил Кузманов | III-3 | / | Дислексија | / |
| 29. | Драгана Боева | III-3 | ,,Р,, | Дислалија | / |
| 30. | Викторија Најдова | IV-4 | / | Дислексија | / |

Дел од учениците редовно ги посетуваа логопедските вежби и кај повечето од нив се постигнати подобри резултати ,а кај одредени ученици кои што не посетуваат редовно вежби и не работат во домашни услови со родителите се уште немат постигнато видни резултати.

Во насока на планирање на активностите за второто полугодие се изготвија покани за родителите за консултација на учениците за нивниот понатамошен третман.

Во оваа учебна година од второто полугодие беа вклучени ученици со посебни образовни потреби ,од други Основни училишта од Општина Кавадарци,кои што имат документ за Проценка на функционалноста од Меѓународна класификација на функционирање,попреченост и здравје.Вкупно 12 ученици ги посетуваа логопедските вежби.

Во прилог -табеларен приказ

| Реден број | Име и Презиме на ученикот | Одд. | Неправилно изговорени Гласови | Дијагноза | Евентуални забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Никола Ташков | Iодд. | Р | Дислалија | |
| 2. | Димитар Трајков | Iодд. | С,з,ш,ч,ж,л,р | Дислалија<br>Аграматизам | |
| 3. | Лазар Панов | Iодд. | Р | Дислалија | |
| 4. | Марко Ангелов | IIIодд. | | Аутизам | |
| 5. | Огнен Јаковлески | IIIодд. | | Аутизам | |
| 6. | Давид Попов | IIIодд. | | Аграматизам | |
| 7. | Лазар Јанчев | Ivодд. | | Пелтечење | |
| 8. | Иван Николов | VIIодд. | Ч,Ш.Ж,Л,Р | Дислалија<br>Аграматизам | |
| 9. | Влатко Василев | IIIодд. | | Развојна<br>Дисфазија | |
| 10. | Виолета Точкова | Iодд. | | Аграматизам | |
| 11. | Ангел Камчев | IIIодд. | | Пелтечење<br>Аграматизам | |
| 12. | Никола Камчев | VIIIодд. | | Пелтечење | |

## 13. Оценување

***Видови оценување и календар на оценувањето***

Со оценувањето на учениците, се вреднуваат постигнувањата на учениците, но и на наставниците и на училиштето во целина. Согласно чл.138 од ЗОО службен весник на РСМ бр.161 од 5.8.2019 год , учениците од I-VI одд. добиваат описни оценки на крајот од првото полугодие, а на крајот на учебната година добиваат свидетелство со бројчани оценки, учениците од VII- IX одд. се оценуваат бројчано.При планирањето на писмените проверувања на знаењето на учениците сепочитуваат законските ограничувања: дневно учениците да имаат едно писмено оценување, а седмично да немаат повеќе од две писмени работи. При оценувањето на учениците наставниците ги применуваат стандардите за оценување кои ги имаат вметнато и во своите годишни програми за работа.Оценувањето се врши низ различни форми и техники (проектни активности, есеи,вклучување на самите ученици и соучениците во оценувањето, со давање на повратниинформации) кои ќе им овозможат на учениците да го корегираат своето однесувањекон учењето и да го подобрат успехот.

Наставниците во текот на учебната 2021/22 год. во целост ги следеа препораките за начинот на оценување на учениците и постапуваа согласно даденото Упатство на БРО.

***Информирање***

Информирањето на родителите се реализираше преку писмени и усни повратни информации на одржаните онлајн родителски средби, евидентни листови за постигнат успех на тримесечје и на полугодие препратени до родителите, а информирањето на надлежните државни органи и пошироката јавност се реализира преку периодични извештаи, информации, проектни активности и сл.

## 14. Безбедност на училиштето

***Безбедност во училиштето***

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред. Учениците од одделенска настава се згрижени еден час пред и по завршувањето на часовите, се додека не ги земат родителите.

Во училиштето има „План и програма за заштита и спасување при елементарни непогоди" чија цел е избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација, има противпожарни апарати кои се поставени на видно место во училиштето и на секој од нив е ставено упатство за употреба.Учениците редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на наставниците, родителите и учениците кон кој сите се придржуваат. Кодексот е истакнат на видно место во училиштето каде што може секој да го прочита.

Одделенските раководители во соработка со педагошко-психолошката служба реализираат работилници на кои се третираат актуелни теми– другарство, хуманост, решавање конфликти, насилство, омраза и сл.. Училиштето има политика за заштита од пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци.Со реализацијата на воспитната компонента( на часот на одд.заедница и преку работилници од стручни лица) учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се анкетираат за да се утврди нивниот став по тие теми. Вклученоста на локалната заедница на ова поле уште повеќе ја зајакнува соработката со училиштето.

Во училиштето се поставени видео камери и има физичко обезбедување и платен чувар во ноќниот период, а по потреба се бара и полициско патролирање на училиштето.

## 15. Грижа за здравјето

### ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО
**(ВО УЧЕБНАТА 2021-2022 ГОДИНА)**

Здравственото образование на учениците треба да биде приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – „За да можат децата да учат треба да се здрави". Целта на програмата за

здравствената заштита и здравственото воспитување е оспособување на учениците и вработените во училиштето и локалната заедница за превземање на акции за поздрав живот, училиште и средина.

**Цели и задачи:**

-Обезбедување на оптимални услови во училиштето за реализација на програмата за здравствена заштита и здравствено воспитување како и унапредување на здравјето и психофизичкиот развој на учениците ;

-Зголемување на фондот на здравствените знаења и формирање на здравствено-хигиенски навики и ставови кај учениците и подигање на нивото на здраствена култура;

-Превземање на хигиено-епидемиолошки и превентивни мерки за подобра здравствена заштита на учениците;

-Унапредување на менталното и емоционалното здравје чија цел е личноста на ученикот да знае како да се справува со секојдневни стресни ситуации, да знае како да се доживува себеси и другите, да знае како да се справува со негативните емоции, како на пр. нервоза, чувство на осаменост, чувство на беспомошност, што е неизоставен дел од емоционалниот развој на секој човек;

-Стекнување социјални вештини за успешно справување со животните предизвици*.*

| ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗА ЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТ ОР** | **ИЗВОРИ РЕСУРСИ** | **МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
| Редовно одржување на хигиената на училници, ходници и училишен двор | 09.2021- 06.2022<br><br>(02.09.2021 Запознавање на учениците со протоколите за безбедно однесување во училиште и заштита од зараза од корона вирусот)<br><br>(8-15.04.2022 Презентација за | Технички кадар Домаќин Хаус мајстор | Извештаи Листи со потпис Прибор и средства за хигиена | Ученици Наставници Вработени во училиштето | Одржување на хигиената во училиштето на високо ниво Здравствена едукација на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | недела на хигиенизација) | | | | |
| Редовни прегледи на личната хигиена на учениците од I до III одделение | 09.2021 - 06.2022<br><br>(20.09.2021 Проверка на хигиена кај учениците) | Одделенски раководители | Одделенски дневник, тетратка за здравствена заштита | Реализација на редовните прегледии за лична хигиена | Подобрување на личната хигиена и здравјето на учениците |
| Осигурување на учениците | Септември 2021<br><br>Осигурување на учениците преку осигурителна компанија „Винер" | Домаќин, Одделенски раководители | Договор склучен со осигурителна компанија | Состаноци со Советот на родители, Седница на Училишен одбор | Осигурени ученици Надомест при евентуални повреди |
| Организирање автобуски превоз за учениците од I до III одделение | 09.2021 - 06.2022 | Директор Секретар Домаќин | Склучен договор со фирма | Реализација на автобуски превоз за учениците во договор со фирма | Унапредување на безбедноста на учениците при превоз во учиштето и назад |
| Работилници за унапредување на ментално, физичко и психолошко здравје на учениците | 09.2021 - 06.2022<br><br>(14.03.2022 Дискусија со учениците на тема „Психичко и емоционално здравје во период на пубертет")<br><br>(24.03.2022 Едукација за Светскиот ден за превенција од болеста туберкулоза | Одд. наставници Психолог | Одделенски дневници Годишна програма Извештаи On-line група на facebook | Разговори и работилници со учениците за подобрување на здравјето | Подобрување на ментално, физичко и емоционално здравје на учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со 8 и 9 одд со стручно лице доктор Тони Јованов)<br><br>(22-23.02,2022 Едукација за превенција од  срцево садови заболување под мотото "Здраво срце среќно срце" - стручно лице доктор Тони Јованов) | | | | |
| Работилници за превенција на зависности од дрога, алкохол, пушење | 09.2021 - 06.2022<br><br>(23.05.2022 Дискусија со учениците на тема „Превенција од пушење цигари, алкохол и конзумирање на дрога“)<br><br>(4.04.2022 Дискусија со учениците на тема „Влијание на повеќечасовната примена на игри и социјални мрежи од | Психолог Одделенски раководите ли | Одделенски дневници Годишна програма Извештаи | Разговор со учениците и едукација  за превенција на зависноста од дрога и алкохол | Формирање правилни ставови кај учениците за превенција од зависности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | мобилните уреди, таблети и сл., врз здравјето на младите“) | | | | |
| Унапредување на физичкото здравје со редовна физичка активност, прошетки и спорт | 09.2021 - 06.2022 | Наставници Ученици од I до IX одделение | Одделенски дневници Годишната програма Извештаи фотографии | Подобрување на здравјето на учениците преку физичка активност | Подобрување на психофизичката состојба на учениците Формирање здрави навики за спортување и прошетки во природа |
| Организирање на спортски натпревари (Спортки натпревари во склоп на федерација на училишен спорт на Р.Македонија) | 09.2021 - 06.2022 | Директор Наставници Родители | Фотографии Извештаи од реализираните екскурзии и натпревари | Разговор со учениците за реализација на екскурзиите | Социјализација на учениците, спортување и подигање на еколошката свест |
| Реализација на предавања за здравствена едукација на ученици, вработени и родители | 09.2021 - 06.2022<br><br>(22.11.2021 Едукација за правилно укажување на прва помош за наставници од страна на доктор Ратко Грков)<br><br>(10.03.2022 Едукација за правилно укажување на прва помош за | Директор Психолог Стручни лица | Ученици Наставници Родители Население | Разговор за здраствена едукција | Превенција на здравјето на ученици, родители, жители од локалната заедница и вработени |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | наставници) | | | | |
| Работилница за борба против ХИВ/СИДА/СПИ и психосексуална едукација | 01-07.12. 2021 Светска недела за превенција од сида | Психолог Наставници | Годишна програма за работа на психолог | Раговор и едукација со учениците за борба против ХИВ/ СИДА/ СПИ | Подигање на јавна свест за опасности од Хив и Сида и свест за потребата од индивидуална заштита |
| Одбележување на Светски ден на лицата со хендикеп | 02.12.2021 | Психолог Одделенски наставници | Годишна програма на на психолог | Раговор и едукација со учениците | Подигање на јавна свест |
| Реализација на едукативни работилници ,,Образование за животни вештини,,. | 09.2021 - 06.2022<br><br>(4.04.2022 Дискусија со учениците на тема „Правилно седење и превенција од деформитети на рбетот“)<br><br>(07.02.2022 Дискусија со учениците на тема „Со правилна исхрана до подобар имунитет“)<br><br>(07.04.2022 – Одбележување на Денот на здравјето презентација со IX одд.) | Одделенски раководители | Одделенски дневници Извештаи Записници | Разговр со учениците за животните вештини | Подобрување на физичко, социјално и ментално здравје на учениците<br><br>Информирање на учениците за симптомте на инфекција од корана вирус, грип и други вирусни инфекции и превенција од истите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | (28.03.2022<br>Грижа за здравјето на учениците преку правилна исхрана)<br><br>(3.05.2022<br>Разговор за внесување на здрава храна и витамини) | | | | |

| ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ И ВАКЦИНАЦИЈА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ПЛАНИРАНА ПРОГРАМСКА АКТИВНОСТ** | **ВРЕМЕ ЗА РЕАЛИЗА ЦИЈА** | **РЕАЛИЗАТОР** | **ИЗВОРИ РЕСУРСИ** | **МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ** |
| Превенција на здравјето на забите на учениците: систематски стоматолошки прегледи | 09.2021 - 06.2022<br><br>(Систематски прегледи на учениците - декември 2021)<br><br>(Систематски преглед на заби) | ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци Училишна стоматологија | Одделенски дневници Годишна програма | Прегледи на заби и здраствена едукција со учениците од I, III и V одд. од централно училиште | Формирање правилни навики за хигиена на устата и забите Превенција и рана детекција на болести на заби и вилица |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Програма на имунизација на учениците: Вакцинација според календар на имунизација на Министерство за здравство | 09.2021-06.2022 | ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци (вакцинации) Завод за здрав. заштита | Одделенски дневници Годишна програма | Вакцинации на ученици од II и IX одделение од централното и подрачното училиште | Подобрување на здравјето на учениците |

**Хигиена во училиштето:** За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно има тоалетна хартија и течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два -три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува. Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

**Систематски прегледи:** Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ Здраствен дом –Кавадарци. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три год, се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од Iодд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во “ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци“ со одд.раководител или предметен наставник. При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес.

Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

**Вакцинирање :** Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина. - VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

**Едукација за здрава исхрана:** Училиштето во текот на учебната година реализира активности и работилници:,,Здрава храна за детство без мана“. Иститe имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.

## *16. Училишна клима*

Во нашето училиште, во текот на целата учебна година се води грижа за создавање и одржување на позитивна училишна клима, така што сите субјекти кои учествуваат во воспитно образовниот процес придонесуваат за создавање на пријатен амбиент и добри меѓусебни односи.

***Дисциплина***

Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во воспитно – образовниот процес (ученици, наставници, персонал ), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила за однесување на учениците, куќниот ред училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот  кадар и распоред на дежурства

на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од горе споменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

## *17. Професионален и кариерен развој на воспитно- образовниот кадар*

Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се уредени со ЗОО, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ, како и Правилникот за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта.

Основните професионални компетенции и стандарди за наставниците опфќаат знаења, способности и вештини коишто ги поседува наставникот за да може квалитетно да ја обавува наставничката професија. Тие опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во следниве подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно образовниот систем
2. Поучување и учење
3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионална соработка

На сопственото стручно усовршување наставникот е должен да посвети најмалку 60 часа во текот на три учебни години, од кои минимум 40 од учество на акредитирани програми за обука за што средства се обезбедуваат во буџетот на БРО, ЛС и образовни проекти одобрени од МОН. Исто така, секој наставник во рок од три години поминува 20 часови обука за приоритетни програми определени од министерот, за што средства се обезбедуваат од буџетот на БРО. Наставникот прави **личен план за професионален развој** за секоја учебна година. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој на училиштето, кој се состои од координаторите на стручните активи на наставници, директор и стручен соработник.

**Детектирање на потребите и приоритетите**

Врз основа на увидот во личните планови за професионален развој на наставниците како и претходно извршените

разговори,анкети и анализи, тимот при ООУ „Тошо Велков Пепето“- Кавадарци изготви акциски план за потребите и приоритетите од професионално усовршување на наставниот кадар и стручната служба за учебната 2021/2022год.

Заради актуелната состојба со пандемијата со Ковид 19, БРО во соработка со МЦГО, создадоа платформа наречена ЕДУИНО, преку која наставниците и стручните соработници можат да следат онлај вебинари на актуелни теми и да го надоградуваат своето знаење, професионално да се усовршуваат и да се прилагодат на новиот начин на настава, учење од далечина.

**Хоризонталното учење**, како и досега, ќе се остварува преку размена на искуства и добри практики на наставниците на ниво на училиште, преку стручните активи, отворените часови, дисеминации, работилници и други облици на состаноци и едукации внатре во организацијата, но и преку соработка со колеги од други училишта од земјава и странство.За успешно имплементирање на ваквиот вид учење неопходно е унапредување на тимската работа.

**Кариерниот развој** ќе се остварува согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ. Доколку наставник сака да напредува во звање, потребно е да се пријави на конкурс што веќе е објавен на страницата на МОН. Бодови за напрадување се добиваат од проф.развој, проф.практика и проф.соработка и соработка со семејството и заедницата. Апликантот врз основа на нормативната регулатива ги присобира бараните докази, а училиштето обезбедува мислење за исполнетоста на дел од компетенциите според следниов план:

| **План за кариерен развој на воспитно–образовниот кадар во ООУ „Тошо Велков-Пепето“-Кавадарци** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1** | **Реализација** | **Активност 2** | **Активност 3** | **Реализација** | **Носители на активностите** |
| Запознавање на воспитно-образовниот кадар во училиштето со основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставник/,наставник-ментор, наставник-советник | На почеток на учебната година или по барање на наставник/ стручен соработник | -Увид во доказите<br>-Информации по пат на анкета од:<br>1. Родители<br>2.Ученици<br>3.Наставници и<br>4.Увид во училишната документација | Проценка/мислење од страна на училиштето | По барање на наставник | Директор, наставници, стручна служба, ученици, родители |

## 18. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Училиштето соработува со родителите на учениците низ разни форми: редовни родителски средби, индивидуални средби со родителите во приемните термини на наставниците како и во отворените денови и сл. На овие средби се разгледуваат прашања кои се врзани со училишниот живот на учениците: наставните програми, начинот на организација на работата во училиштето, успехот на учениците,активности и проекти кои ги реализираат учениците и сл. Родителите во животот и работа на училиштето учествуваат и преку посебни тела, како Советот на родители и членување во Училишен одбор, комисии на училиштето и сл. Училиштето секоја учебна година изготвува распоред за индивидуална средба со родителите, на која се разговара за прашања поврзани индивидуалниот напредок на ученикот, неговото однесување и активности.

Новиот начин на функционирање на училиштето кој е во склад со препораките и протоколите дадени од МОН, го видоизмени и начинот на соработката со родителите. Во текот на првото полугодие од учебната 2020/21 год. родителските средби беа реализирани онлајн, а родителите евидентните листови ги добија по електронски пат.

## 19. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Современите општествени тенденции,како и континуираните промени карактеристични за модерното општество наметнуваат конзистентни,видливи и јасни принципи и во процесот на образованието.Комуникацијата и односите со јавноста претстваууваат значаен сегмент од работата на едно современо ,отворено училиште.Тие не претставуваат цел сама за себе ,туку начин за успешно креирање и спроведување на локалната политика.
Воспитно-образовниот процес сам по себе е чин на овладување со културните и цивилизациски текови ,овладување со одреден систем на вредности,морални норми,елементарни научни спознавања,форми на уметничко изразување,научен и уметнички јазик , технологија, како и содржина на користење на слободното време.Затоа нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница во соработка со локалната самоуправа,претставници на бизнис заедниците, воспитно-образовните установи,невладинте организации ,како и со институциите од областа на културата, на тој начин директно формирајќи , презентирајќи и промовирајќи имиџ на училиште на 21 век .

Училиштето остварува комуникација и соработува со:

- ***Локална заедница***
- ***Институции од областа на културата***
- ***Институции од областа на образованието***

- ***Невладини организации***
- ***Спортски друштва***
- ***Здравствени организации***
- ***Медиуми***

Со цел запознавање на пошироката јавност,а пред се на родителите и учениците со активностите,училиштето обезбедува медиумското претставување кое се остварува преку електронски медиуми,социјални мрежи,локални,регионали и национални телевизиски медиуми ,како и преку пишани медиуми.

Реализацијата на сите проекти,работилници,предавања и презентации и информирањето за планираните активности училиштето го обезбедува преку web страната pepeto.org и facebook профилот Тошо Велков Пепето

Оваа учебна година на наведените медиуми објавени се настаните:

- Активности по повод Светскиот ден без автомобили реализирана со наставници по физичко и здравствено образование и ученици од VI и VII одделение
- Проект With ecology on a daily basis – „Со екологија на дневна основа“.
- Целта на проектот е преземање одговорност за сегашната и идната состојба на животната средина.
- Проект за унапредување на основното образование ПЕИП-Проект, Министерството за образование и наука обезбеди опрема и наставни средства за реализација на групата предмети од областа на природните науки.
- Предавање „Употребата на пиротехничките средства„ како актуелна тема за тековниот период со посредство на стручно лице од МВР ПСОН Кавадарци - помошник командир за јавен ред и мир и превенција Деан Камчев
- Ecology every day-Проект на Erasmus +, во кој учениците од ООУ ,,Тошо Велков - Пепето" од Кавадарци, заедно со учениците од Szkoly Podstawowej nr 30 од Олштин, Р. Полска реализираа различни еколошки активности, учеа, истражуваа, се дружеа и применуваа стекнати знаења во секојдневниот живот.
- Активности по повод Светскиот ден на мајччиниот јазик
- Недела на информатиката „Безбедно на интернет', самостојно креирање приказни во Scratch на истата тема
- Активности по повод Светската недела за превенција од кардиоваскуларни заболувања ,21-28 февруари реализирани во соработка со ОО Црвен Крст на град Кавадарци.
- Активности по повод Меѓународниот ден на жената 8 Март„Улогата на жената во современиот живот“
- Планинарска тура Михајлово 2022-Училишен спортски клуб ,, Тошо Велков - Пепето"
- Активности по повод Светскиот ден на поезијата
- Литературно читање по повод Денот на македонската азбука, 5 Мај и Ден на македонскиот јазик
- Проектот „Let us be a breath of future“ - „Да бидеме здив на иднината“Главна цел на проектот е да го зголемиме квалитетот на воздухот што го дишеме во затворени простории

- Активности по повод Ден на сесловенските просветители
- Еко квиз, организиран од Локалната Самоуправа на град Кавадарци , во соработка со Еуро Никел и Еколошко друштво Тисовец.

За напречено реализирање на наставните, вonнаставните и проектните активности,како и за осовременување и напредување на истите, училиштето остварува комуникација со институции од локалната заедница,невладини организации: Во изминатиот период медиумското претставување на училиштето и комуникацијата со јавноста се одвиваше добро. Целта запознавање на пошироката јавност со работата на училиштето и создавање објективна слика за неа е делумно остварена.

**Забелешка: Во склоп на годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2020/2021 год. изработен е и засебен статистички извештај, даден во прилог.**

Јуни 2022 Изработил:

Кавадарци

Психолог – Верџинија Стојкова